19-32 99/7
14.11 8

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" Д.О.
Бр 02-991/2
15.11. 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА за сезона 2018 /2019 година

Овој Договор е склучен на ден ----.11 .2018 година помеѓу

1. **Општина Крива Паланка** со седиште на адреса ул. Св.Јоаким Осоговски бр.175, претставувана од Градоначалникот Борјанчо Мицевски - (во понатамошниот текст нарачател на работите)

и

2. **ЈП " Комуналец "** со седиште на ул. " Илинденска " бр.17 во Крива Паланка - претставувано од Директорот Миле Марковски - (во понатомошниот текст извршител на работите )

## ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1)„Договорен орган"- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.

2)„Економски оператор" – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.

3) „Услуги и работи " се услуги дефинирани во член 3 став 1 алинеа 7 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги (категорија 22), согласно тендерската документација.

4) „Договорна цена" е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.

5) „„Испорака" значи извршување на услугите кои се предмет на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор се следните работи: **ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА за сезона 2018 /2019** согласно БПП-О 24/2018 и Програмата за зимско одржување на улици ,тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2018/2019 година .

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## КОЛИЧИНА НА РАБОТИТЕ

**Член 3**

Услугите што се предмет на овој договор , ќе бидат извршувани **секој ден во периодот од 15.11.2018 г. до 15.03.2019 г.** , доколку има атмосферски паѓања на снег или појава на голомразица .

Доколку се појави потреба за извршување на услугите и во периодот од **15.03.2019** и понатаму (има атмосферски паѓања на снег или појава на голомразица) , тогаш ЈП Комуналец ќе ги извршува услугите до престанокот на таквите услови .

Плаќањето за овој евентуален дополнителен период ќе биде според сите договорени услови во овој договор .

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 4**

Единечната цена на услугите, изнесува :

| Ред. бр. | Назив на работи | Единечна мерка | Единечна цена по ефективен раб.час (без ДДВ) | Един.цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 6 | 7 |
| 1. | Ангажирање на камион со плуг (нож) и соларка за абразивен материјал ( со дупли пренос) | Ефект.раб. час без транспорт | 5.556,00 | 6.556,00 |
| 2. | Ангажирање на камион со плуг и соларка за абразивен материјал (без дупли пренос) | Ефект.раб. час без транспорт | 4.275,00 | 5.045,00 |
| 3. | Ангажирање на трактор со плуг (нож) и соларка за абразивен материјал (со дупли пренос) | Ефект.раб.час без транспорт | 3.740,00 | 4.413,00 |
| 4. | Ангажирање на камион или трактор со соларка за абразивен матријал за посипување при поледица | Ефект.раб.час без транспорт | 5.280,00 | 6.230,00 |
| 5. | Ангажирање на мулти функционална машина со дополнителна опрема за чистење на снег | Ефект.раб. час без транспорт | 1.603,00 | 1.892,00 |
| 6. | Индустриска сол | т | 6.315,00 | 7.452,00 |
| 7. | Абразивен материјал (камена ризла) | м3 | 1.749,00 | 2.064,00 |
| 8. | Ангажирање на градежна механизација доколку има потреба при обилни врнежи за локални патни правци со земјан коловоз, неасфалтирани улици во градот и потреба на асфалтирани патни правци (скип) | Ефект.раб. час без транспорт | 2.137,00 | 2.522,00 |
| 9. | Ангажирање на градежна механизација доколку има потреба при обилни врнежи за локални патни правци со земјан коловоз, неасфалтирани улици во градот и потреба на асфалтирани патни правци (булдозер) | Ефект.раб. час со транспорт | 3.207,00 | 3.784,00 |
| 10 | Ангажирање на градежна механизација доколку има потреба од чистење на снег или други активности на локални патни правци после завршување на зимската сезона (скип) | Ефект.раб. час без транспорт | 1.603,00 | 1.892,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Ангажирање на градежна механизација доколку има потреба од чистење на снег или други активности на локални патни правци после завршување на зимската сезона (булдозер) | Ефект.раб. час со транспорт | 1.450,00 | 1.711,00 |
| 12 | Ангажирање на камион со дупли пренос за одржување на локална патна мрежа после завршување на зимската сезона | Един. мерка во тура<br>Транспорт до:<br>1км<br>2 км<br>3 км<br>5 км<br>10 км<br>над 10 км | 614,00<br>748,00<br>855,00<br>1.603,00<br>2.565,00<br>3.350,00 | 756,00<br>883,00<br>1.009,00<br>1.892,00<br>3.027,00<br>3.953,00 |
| 13 | Ангажирање на трактор за одржување на локална патна мрежа по завршување на зимската сезона | Един. мерка во тура<br>Транспорт до:<br>1км<br>2 км<br>3 км<br>5 км<br>10 км<br>над 10 км | 428,00<br>535,00<br>641,00<br>1.340,00<br>2.235,00<br>2.918,00 | 505,00<br>631,00<br>756,00<br>1.581,00<br>2.637,00<br>3.443,00 |
| 14 | Ангажирање на работна рака за работи кои не се опфатени со погорните ставки | Работен час | 100,00 | 118,00 |

ВО ГРАДОТ ЌЕ СЕ ВРШИ ЧИСТЕЊЕ САМО НА КОЛОВОЗНАТА КОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ ,А ТРОТОАРИТЕ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИ ЌЕ БИДАТ ЧИСТЕНИ ОД СТРАНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ,ФИЗИЧКИТЕ И ПРАВНИ ЛИЦА СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА .

*Вкупната цена на работите изнесува 2.500.000,00 денари без ДДВ или 2.950.000,00 денари со ДДВ и ќе се пресметува според месечна фактура за секој месец поединечно

* Цената да биде изразена за ефективни работни часа за секој месец без ДДВ и со ДДВ .

ПОСЕБНИ УСЛОВИ :

* На сите улици во градот кои што не се асфалтирани , а по кои се одвива сообраќај , треба да биде извршен дотур на абразивен материјал и индустриска сол ,

* На сите локални патни правци , на кои во зимски услови не може да се движи камион со нож , доколку подолг период се непроодни , економскиот оператор ќе вклучи и потешка градежна механизација (1 градежна машина : скип или булдужер.).

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА РАБОТИТЕ**

**Член 5**

ЈП Комуналец е должен испораката на работите да ја врши во периодот од **15.11.2018** до **15.03.2019** г. , на релациите кои се дадени во Програмата за зимско одржување во било кој период од денонокието според потребите.

Доколку се појави потреба за извршување на работите (има атмосферски паѓања на снег или појава на голомразица), ЈП Комуналец ќе ги врши и во периодот од **16.03.2019** и понатаму се до престанокот на потребата.

Доколку не бидат искористена сумата за периодот , тогаш договорниот орган во договор со економскиот оператор може да ги искористи за ангажирање на градежна механизација за други свои потреби.

**Член 6**

Работите се сметаат за извршени со чистење на објектите од член 2 и посипување со индустриска сол и абразивни материјали на истите , за што овластеното лице на ЈП Комуналец доставува испратница и фактура која ја потпишува и овластеното лице на Општина Крива Паланка – Надзорниот орган, за секој изминат месец.

Општина Крива Паланка ја известува полициската станица да обезбеди слободна коловозна површина на сите улици во градот определени со програмата на кои се врши чистење на снег во зимскиот период , а воедно Општина Крива Паланка ќе ги извести граѓаните преку јавните гласила во општината своите возила да не ги оставаат на улиците каде се одвива зимското одржување.

**НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Договорниот орган да го врши најдоцна во рок од **90 дена** од доставувањето на фактурата и потпишување од потпишување на Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура .

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница , која е потпишана од овластеното лице на Општина Крива Паланка – Надзорниот орган и овластеното лице на ЈП Комуналец .

**Член 8**

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на општина Крива Паланка.

**КВАЛИТАТИВНА и КВАНТИТАТИВНА КОНТРОЛА**

**Член 9**

Квалитативна и квантитативната контрола на услугите од член 2 од овој Договор врши Општина Крива паланка , преку овластено лице .

Општина Крива Паланка именува овластено лице од редот на своите службеници , кој ќе го контролира извршувањето на работите , а особено потрошувачката на индустриска сол и абразивни материјали и бројот на ефективни работни часови на специјализираните возила и градежни машини.

Поторошувачката на индустриската сол и абразивните материјали ќе се контролира на тој начин што овластеното лице ќе биде присутен на утоварот на истите .

Бројот на ефективни работни часови на специјализираните возила и градежни машини , овластеното лице го контролира така што води посебна евиденција со запишување на бројот на ефективни работни часови на извршување на работите од член 2 на овој договор.

За извршувањето на работите, ЈП Комуналец води Дневник на извршени работи , кој што го контролира и потпишува овластеното лице на Општина Крива Паланка .

**Член 10**

Овластените од ЈП Комуналец мораат да бидат достапни на мобилен телефон 24 часа , на Надзорниот орган во периодот од 15.11.2018 до 15.03.2019 г како и во периодот после тоа во зависност од временските услови.

**Член 11**

На одредени релации , каде што сообраќајот е отежнат или оневозможен заради конфигурацијата на теренот и отежнати услови во зимскиот период , ЈП Комуналец може за извршување на услугите од член 2 на овој договор да ангажира на поголем број на дополнителна механизација , за што ќе се координира и ќе добие налог од овластеното лице.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 12**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат, спорот ќе го решава надлежен суд.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 13**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

Доколку настане раскинување на договорот заради неисполнување на обврската на ЈП Комуналец , Општина Крива Паланка не е должна да му плати на ЈП Комуналец за претходно извршените работи.

Доколку ЈП Комуналец сака еднострано да го раскине договорот од неоправдани причини, должен е за тоа да го извести Договорниот орган во рок од 30 дена, а во спротивно ќе биде задолжен да плати договорна казна во висина од 5% од износот

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

***НАРАЧАТЕЛ НА РАБОТИТЕ***
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

***ИЗВРШИТЕЛ НА РАБОТИТЕ***
**ЈП КОМУНАЛЕЦ**
**Директор**
**Миле Марковски**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ „КОМУНАЛЕЦ" Ц.О. 1 КРИВА ПАЛАНКА